# БИЛТЕН ЗА ТВИНИНГ-ПРОЕКТ БР. 2

**Квартален билтен за Твининг-проектот „Јакнење на институционалниот капацитет на Народната банка на Република Северна Македонија на патот кон нејзиното членство во ЕСЦБ“**

## ❖ Што се случуваше во периодот од 15 декември 2019 г. до 14 март 2020 г.?

Компонента 1:

**ПЛАТЕЖНИ УСЛУГИ И СИСТЕМИ**

Во вториот квартал од Проектот, беа спроведени две експертски мисии.

Во рамките на првата активност **„Зајакнување на институционалниот капацитет во областа за спречување перење пари и финансирање тероризам (АМЛ/ЦФТ)“** двајца експерти од Банката на Литванија го презентираа своето искуство и најдобрите практики на ЕЦБ и други централни банки од ЕУ во врска со АМЛ/ЦФТ. Сегашниот процес на теренска супервизија во областа на АМЛ/ЦФТ којшто го спроведува НБРСМ беше анализиран со цел да се увидат недостатоците во тековниот процес при што беа дадени релевантни препораки.

Втората мисија беше одржана од страна на експерт од Банката на Литванија, кој беше фокусиран на лиценцирање **платежни институции и институции за електронски пари**. Беа анализирани постоечките национални регулаторни одредби на Република Северна Македонија и процедурите на НБРСМ во однос на Директивата за платежни услуги 2, со цел да се идентификуваат проблемите во тековниот процес и регулативата. Темите коишто беа разгледувани за време на состаноците беа: регулативите на ЕУ поврзани со лиценцирање на платежните институции и институциите за електронски пари, вклучувајќи процедури за лиценцирање, согласност за членови на органите на управување, согласност за преземања, одбивање барања, повлекување дозволи и други постапки поврзани со лиценцирање. Беше споделено и искуството на Република Литванија и на Банката на Литванија во врска со транспонирањето на наведените регулативи на ЕУ и Упатствата на Европското банкарско тело. Беше обезбедена обука посветена на неколку клучни аспекти на постапките за лиценцирање (вклучително и проценка на деловните модели, програмата на работење, предложените членови на телата за управување, акционерите, одбивањата и повлекувањата).



**Слика 1.**

По пет дена напорна работа на двете февруарски мисии, за компонентите 1 и 2, литванскиот експерт за платежни институции и институции за електронски пари, кој лиценцира и супервизорски проценува различни шеми на колективни инвестиции во постапките за лиценцирање и стекнување, г. Каролис Масилиунас, со колегите од Секторот за супервизија и Дирекцијата за платни системи на НБРСМ на проштална вечера.

Компонента 2:

**РЕГУЛАТИВА И СУПЕРВИЗИЈА НА БАНКИТЕ**

Во второто тромесечје од проектот се спроведоа **три експертски мисии** во рамките на оваа компонента.

Во рамките на првата активност „Развој на услови за подобрување на наплатата на побарувањата, **управувањето и решавањето на нефункционалните побарувања** и управување со ризиците во банките“, мисијата беше спроведена од експерт од Банката на Грција. Беше анализирана тековната состојба, беа утврдени разликите и беа дадени препораки. Во рамките на мисијата беа опфатени следниве теми: стратегии за решавање на нефункционалните побарувања, препреки за решавање на нефункционалните побарувања, страните на побарувачката и понудата, структурни препреки, основните практики и начини на управување со банките, улогата на макропрудентната политика, како и справување со причините за зголемување на нефункционалните побарувања на системско ниво.

Втората мисија (спроведена од експерт од Банката на Литванија) беше посветена на **оцената на различните инвестициски шеми од аспект на процедурите за лиценцирање и стекнување акции**. Со презентацијата беа дадени детални информации и се разгледуваа прашања во врска со оцената на акционерите со квалификувано учество, специфичните преземања како инвестициски компании, друштвата со заедничко вложување, трустовите и други инвестициски форми.

Третата мисија се спроведе од страна на експерти од Банката на Холандија и Банката на Германија, а крајната цел е **изработка на интерна методологија за оцена на процесот на утврдување интерна ликвидност**. Експертите добија сознанија за македонскиот банкарски систем, како и супервизорскиот пристап за оцена на ликвидносниот ризик и процесот на

утврдување интерна ликвидност. Супервизорите (вонтеренски и теренски) од Народната банка на Република Северна Македонија добија сознанија за процесот на утврдување интерна ликвидност и за неговото вклучување во процесот на супервизорско оценување на ризиците во Холандија и единствениот супервизорски механизам, како и за начинот на спроведување теренска супервизија во Германија. На крајот, беше заклучено дека наредната мисија ќе биде посветена на оцената на процесот на утврдување интерна ликвидност којшто за првпат оваа година ќе биде спроведен од страна на банките во Република Северна Македонија.

**Слика 2.**

Експертите од Хрватска, г. Никола Љубиќ Карановиќ и г-ѓа Сребренка Гудан, експертот од Романија, г-ѓа Камелија Неагу, со претставници од Отсекот за статистика на финансиските сметки од Дирекцијата за статистика, за време на нивната работа во јануарската мисија за финансиски сметки на секторот финансиски институции.



Компонента 3:

**СТАТИСТИКА НА ФИНАНСИСКИ СМЕТКИ**

Во овој квартал беше одржана една експертска мисија со експерти од Народната банка на Хрватска и Банката на Романија.

Ова беше втора мисија во рамки на активноста „Поддршка за понатамошно усогласување на статистиката на финансиските сметки во НБРСМ со стандардите на ЕСЦБ/ЕЦБ“, **со фокус на финансиските сметки на секторот финансиски институции**. Во текот на мисијата експертите направија анализа на тековната состојба и дадоа препораки за подобрување на процедурите за составување на финансиските сметки на секторот финансиски институции. Исто така, тие го споделија искуството на земјите членки од ЕУ во врска со работните процедури за составување на финансиските сметки. Покрај тоа, за споменатите прашања беше организиран состанок со Државниот завод за статистика и Министерството за финансии.

Компонента 4:

**ЗНАЕЊА И ВЕШТИНИ ВО АНАЛИЗАТА НА ПОЛИТИКИТЕ**

Во вториот квартал од Проектот, во рамките на оваа компонента не се одржа ниту една мисија.

**ВАЖНА ЗАБЕЛЕШКА:**

Благосостојбата и здравјето на сите учесници во Проектот се од најголемо значење. Имајќи го предвид овој приоритет, некои од предвидените активности за овој квартал беа одложени. Поточно, три мисии беа одложени поради светската пандемиска ситуација „ковид-19“, по една мисија во секоја од компонентите: 1, 2 и 4.

Исто така, како резултат на пандемиската состојба, ЕУД го прифати предлогот на лидерите на Проектот за негово времено прекинување веројатно на три месеци, почнувајќи од 1 април 2020 година.

**Контакт:**
**Канцеларија на постојаниот советник за твининг**
**twinning.nbrnm@gmail.com**

Овој проект е финансиран од Европската Унија

Оваа публикација е изготвена со финансиската помош на Европската унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на НБРСМ и на никаков начин не ги изразува гледиштата на Европската унија.